


детаљ од новиот фрескопис во црквата на светите Григориј Палама и старец Јосиф Спилеот, манастир на св. Леонтиј, Водоча

# ПЕТТИОТ ЗВУК НА ТРУБАТА

## што го има ликот на петте сетила и на петте мудри девици, кои Го сретнаа нашиот Женик, и што ни го возвестува



## ОДЗЕМАЊЕТО НА БЛАГОДАТТА

И одново, возљубен читателу, словото нè поттикнува да позборуваме, одново расказот бара слушател, со кротка мисла се постигнува пројава, и во тоа има полза и за двајцата нас, зашто ако некој го разбере ова писание во тоа е и наградата за трудот.

Зашто, оној што сака да се натпреварува во трчање, и на препреки наидува, и се препнува на камења и си ги удира нозете. Исто така и сезлобниот непријател го загрозува нашето спасение уривајќи ги миговно сите наши напори, само ако малку наслушнеме од неговите зборови. Ние малку се порадувавме обучувајќи се, и малку се повеселивме слушајќи за божествените нешта и во мислите укрепувајќи се; во третата глава дојде радосната победа, а во четвртата се удостоивме за посетата на просветлувањето. А, пак, сега се слуша вест страшна, тажна и погибелна, слична на горчливиот исоп, која навестува нешто спротивно на претходното, и сега ќе говориме за тажни нешта. Раката трпне допирајќи го ова за што ќе проговориме. Умот не сака да мисли за тоа. Устата, усните и јазикот оддолжуваат да го изговорат она за што ќе зборуваме.

Што е тоа што за мене е толку тажно и што го соблазнува оној којшто се труди? Јас сум подготвен да ти кажувам, а ти слушајќи ме напрегни го умот, подари ми го своето внимание и разбери ја мојата мисла. Бидејќи ова скалило за кое ќе зборувам е устроено од Божјиот Домострој заради одземање на благодатта! Така устрои Господ, за да ја покаже виновноста на човекот, за тој непрестајно да се храни со укори и да стане причесник на смирението. Значи, само да се оддалечи благодатта, веднаш станува јавна виновноста, така што наместо сјајот, светлината и неискажаната радост, набргу доаѓаат страдања и раѓаат смирение. Почетокот на вратоломниот пад е веќе спомнатата и победена мајка на сите зла - немилосрдното САМОМНЕНИЕ, кое почнува како и некогаш и пред нашата прамајка Ева да го распрскува својот сатански отров, обидувајќи се да предизвика сочувство кон себе, кое води во адската бездна.



Тоа зборува како духовник и целива како Јуда. Беседи со голема кротост и расудува за спасението. Нашиот слух темелно го проверува и сатанско безумие внесува, го посакува нашиот пад и веднаш предлага исцеление. Волјата наша да ја привлече сака, на помош другите бесови ги повикува, за сите околу нас да бидат и кон патот на прелеста да нѐ повлекуваат.

„Значи, - му вели тоа на монахот - ги гледаш ли безделниците кои тврдат дека Господ не дава благодат? Тие бидејќи самите не сакаат да се подвизуваат и на другите им пречат, повикувајќи се на опасноста од прелест и врескаат дека ти паѓаш во неа исто како и сите. Затоа откажи се од нивните поуки и внимавај на моите зборови. Што е? Зарем Господ како и порано не дава крепост и не ја зголемува нашата сила?“

Така лажгото, т.е. кутриот демон, слично на гатачките коишто се крстат и Го спомнуваат Бога, а се занимаваат со баење, - се повикува на Светото Писмо за да ја фрли јадицата, претставувајќи се за богослов и нашето спасение како волк го граби и во своите цели сосема за друго нѐ обучува, само да нѐ присили да не се грижиме за своето спасение.

А неопитното младенче не знаејќи ни за мрежата ниту пак за тоа дека овој советник е древното зло, се радува на неговата прелест, а лагата наместо вистина ја прифаќа, сите наоколу почнува да ги прекорува и отците во својата надменост ги осудува. Или, поточно, непријателот се нафрлува на душата негова. А мечот што Христос му го даде за заштита, тој против себе го свртува и душата своја ја прободува заради своето незнаење и почнува вака да слови: „Човек може ако посака и ако вложи сила да стане сместувалиште на благодатта“. И, еве, жестоко борејќи се со оние што му противречат, тој малку по малку почнува да паѓа во прелест и станува играчка на демоните, мислејќи дека сите негови противници ќе бидат казнети за својата небрежност и незнаење. Тој воопшто не се покорува на нивните зборови, туку оттурнувајќи ги сите се затвора во потполна осаменост и го прави она што му го внушува неговиот соучесник - демонот. Во тој случај да го предадеме тој човек на Божјото милосрдие, знаејќи дека демонот многумина обеси и задави внушувајќи им демек дека ќе станат маченици. Други, пак, паднаа во негрижа и рамнодушност, сосема занемарувајќи ги своите обврски. А најглавно е што тие мислат дека ова е вистина и пат Божји.

Такви неволји пушта ѓаволот на несреќникот, и дури тој и да посака да се подигне и да почне да бара исцелување, ѓаволот се труди да го заслепи на гореопишаниот начин. Додека, пак, Господ Човекољубецот натажен чека нема ли човекот да го освести својот пад и да побара лекување.

И така, брату мој, многумина се опрелестија заради таа темна промена. А средството што служи за исцелување на таквиот човек се наоѓа во тоа да се разбере причината за падот и да се бара духовник што може да стане лекар којшто со соодветни лекарства би го излечил и спасил. Ние што стигнавме до главниот момент на нашето слово, повторно ќе се осврнеме на претходното и еве што ќе кажеме: доколку подвижникот за којшто зборувавме не го напушти својот пат, тогаш не би помислил во своето незнаење дека со сопствени сили се здобил со благодат и не би докажувал дека сите се способни да ја добијат ако се присилат себеси. Туку во страв и со природно расудување тој размислувајќи би рекол: „Кој сум јас да ги осудувам другите мислејќи дека тие сите окоравуваат во незнаење, а само јас несреќниот стекнав просветлување?“ И спротив-ставувајќи се на зборовите на змевот би му рекол: „Остави го, лукав непријателу, своето ѓаволско превознесување!“ И така, спротив-ставувајќи се на брановите на погубувачот тој со нетрпение би го очекувал часот кога ќе може да види избавување, кое брзо би дошло само доколку искушението се издржи како што треба.



Божествената утеха помалку се повлекува заради наша полза, а нејзиното место за тоа време го зазема темнината. Тогаш по Божјо допуштение човекот паѓа во нови и нови искушенија за да се научи на прекрасното смирение. Немајќи сили да ги поднесе ненадејната појава и необичноста на демонските помисли, за кои порано зборувавме, и плашејќи се да не падне во прелест, тој плаче, со болка и страв, барајќи опитен лекар, кој би го исцелил. Но колку и да се благи и добродетелни сите отци, од кои секој за неговиот случај ќе донесе свој заклучок, тој ни најмалку не се исцелува, зашто сè уште не настапил часот кога Бог ќе му ги јави и лекарот и лекарствата. Зашто, нему му е потребно слово поткрепено со најголема сила на делото, бидејќи тој не прифаќа едноставно и како известување дека треба да се смири и да го отфрли превознесувањето. И затоа тој не го наоѓа она што го бара, бидејќи нема трпение да дочека кога Господ ќе посака да му го подаде тоа, а и затоа што му е потребно испитување, за да се открие што добро е способен да направи со сопствени сили и за да се скрши надменоста, која добива сила особено тогаш кога гледа дека човекот тајно прави нешто што другите го немаат. Заради тоа на него се допуштаат искушенија за тој да ја спознае немоќта на човечката природа.

Кога благодатта сосема ќе се повлече, телото слабее и изнемоштува, немајќи сили како порано да ги извршува своите обврски, и тогаш човекот е совладан од небрежноста и нејзиниот придружник, унинието, т.е. телесната тромавост, сонот без мерка, раслабеноста на органите, помраченоста на умот, неутешната тага, помислите на неверие, стравот од прелест. Тој тогаш, неспособен повеќе да го поднесува безмолвието, излегува на патот да бара помош. И еден му вели: „Јади сирење, млеко, јајца, путер за да закрепнеш!“ Друг му вели: „Ти ќе паднеш во прелест!“ Трет пак: „Ти си се опрелестил како и многу други!“ А тој не знаејќи што да прави, бидејќи го изгуби трпението, а ревноста и жарот на верата му спласнаа, станува небаре безумен, зашто слуша зборови на многумина, од кои секој се потпира на својот сопствен разум, од љубов давајќи му совети заради негова полза.

И така тој почнува да јаде колку што може, како што рековме, за да закрепне. Но за жал, кога го напушти благодатта, а телото обессили, тешко е за него да се поправи, бидејќи организмот нема сили за варење на храната; и кога премногу ќе го оптовариш желудникот, телото паѓа болно, зашто срцето не успевајќи да пренесе чиста крв на сите свои артерии, ја пренесува нечиста, и во резултат на тоа телото наместо да добие полза, уште повеќе се помрачува и отежнува.

И, еве, човекот што порано пребиваше во трезвеноумие, се претвора во градинар и земјоделец, заработувајќи го лебот свој во потта на својот труд. Како резултат на тоа тој станува предавник, зашто се лишува од трпение и се оддава на малодушност. А за својот непријател тој се претвора во другар, против душата своја се наоружува, се нарекува син на себељубието, од правиот пат се оддалечува. И така поранешната мрежа тој ја одбегна, а во оваа падна.

превод од руски:
сестрите од манастирот
на Пресвета Богородица Елеуса во Велјуса